ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Национална установа Филхармонија на РСМ

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Сметка на приходи остварени од самофинансирачки активности (787) за 2020 година

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- слабости во делот на начинот на пресметка на висината на цената на билетите за концерти организирани од страна на НУ и невоспоставен систем за задолжување со билетите како и издавање гратис билети во значителен процент од вкупно продадените билети;
- реализација на приходи по основа на издавање на простор и инструменти под закуп, иако во законските и подзаконските акти не е предвидено како извор на финансирање на НУ.

**Издадено мислење*:** (неповолно)
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2020 година.

**Клучни системски слабости:**
/

**Клучни препораки:**
- изготвување на јасна методологија за определување на висината на цените на билетите и издавање на гратис билети;
- да се обезбеди соодветен правен основ за издавање на простор и инструменти под закуп под закуп;

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на директорот на установата и поранешниот директор .

**Одговор на добиени забелешки:** две од забелешките за кои се преземени мерки се прифатени и обелоденети во Конечниот извештај на ОДР.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување